РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-4984/2
04-08-2021

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од познат подносител, на продолжението на 50-та седница одржано на ден 22.07.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Пријавата број 12-4984/1 од 29.10.2019 година поднесена од страна на познат подносител **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување, во предметот со број 12-4984 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 4984/1 од 29.10.2019 година.

Предметот со број 12-4984 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-4984 од 2019 година е оформен врз основа на поднесена Претставка со бр. 12-4984/1 од 29.10.2019 година, од познат подносител - --------- од ----------. Претставката е поднесена заради лични сомневања на подносителот за незаконски спроведена постапка за вработување во Управата за финансиска полиција во која тој самиот бил пријавен како кандидат за вработување.

На ден 05.07.2019 година бил објавен оглас за вработување во Управата за финансиска полиција за вработување на 27 извршители на кој оглас пријавителот аплицирал за три од наведените позиции. Во претставката дадени се лични видувања за улогите на члeновите на комисијата за избор, за даденото значење на националната припадност на кандидатите во однос на позициите, доставеното известување дека не е избрана за вработување не содржи образложение за причините за неизбор и без правна поука со насока за можност за жалба од постапката. Всушност забелешките се од формално правен аспект, а не за злоупотреба или незаконско поставување на одредени лица во конкретната постапка.

Врз основа на податоците содржани во предметната пријава Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до
-Архива
- подносителот

Изработил: м-р К.З., Советник
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК